Катерина ТОДОРОСКА
Оливера ДИМОВА

# ЕДЕН ДОКУМЕНТ ЗА СТАВОТ НА БУГАРСКАТА ЦРКВА ПО ПРАШАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА МАКЕДОНИЈА

Периодот по Втората светска војна обилува со податоци за политички и економски промени на ослободените држави од фашизмот. Тоа било време кога се создавале дипломатски и други односи меѓу соседните држави, време на наметнување на дотогаш нерешени прашања, кои во претходните периоди биле табу-теми.

Исто така, тоа е период кога се создавала југословенската федерација. Фактот што во таа федерација, како рамноправна државна единица со другите, влегла и македонската, претставувал причина за загриженост кај бугарската држава. Имено, бугарската политика постојано била насочена кон бугаризирање на македонскиот народ, јазик, култура и историја. Ваквиот став на официјалната бугарска политика го делела и стереотипната бугарска црква.

Документот што го презентираме датира од 25 октомври 1946 година и нуди поинакви гледишта од дотогашните околу македонското црковно и државно прашање, но и по прашања на самата Бугарска црква. Поради што цениме дека треба во целост да и се претстави на македонската јавност.

Пратеништво на
Федеративна Народна Република Југославија
Софија　　　　　　　　　　Софија, 25. X. 1946 год.
Стр. дов. бр. 404

До
Министерството за надворешни работи на ФНРЈ
Белград

Во прилог, му ја доставувам на Министерството содржината на разговорот, кој го водев со БОРИС, митрополит на Неврокопската епархија, на 24 октомври оваа година. Митрополитот Борис е родум од селото Ѓавато, би-

толски округ. Од 1931 година се наоѓа на чело на Неврокопската епархија, која ја опфаќа цела Пиринска Македонија. Еве како тој го пренесе ставот на Бугарската црква по одделни прашања:

Ставот на Бугарската црква кон НР Македонија

Бугарија ги има искористено сите средства да ја заземе Македонија и поради тоа има водено толку многу војни. Бидејќи таа сето тоа го загуби денес ништо друго не и преостанува туку само да се помири со новата состојба и да го поздрави формирањето на Народна Република Македонија. Истото ова важи и за Бугарската црква. Треба да се има на ум дека нашата црква е народна, а не револуционерна институција. Токму затоа таа ја прифаќа новосоздадената состојба и затоа го поздравува создавањето на македонската држава. Јас лично, како Македонец, се радувам на создавањето на македонската држава и сакам таа да ја обедини цела Македонија, за да престане да биде јаболко на раздорот и да стане спојка на сите народи на Балканот. Меѓутоа, доколку Македонците сакаат да ја зацврстат својата држава тие треба да имаат своја афтокефална црква. Со ова прашање Бугарскиот свет синод се нема занимавано, меѓутоа и јас сум убеден дека тој ќе го поздрави создавањето на самостојната македонска црква, бидејќи според нашето гледиште црквата треба да биде со својот народ.

Што се однесува на уредувањето на односите меѓу православните афтокефални цркви во една држава, тешко би можел да одговорам на тоа прашање, затоа што според канонците на православните цркви една афтокефална црква не не може да признае никаква црковна власт над себе.

Односите на бугарската црква кон другите православни цркви

Бугарската православна црква, во овој миг, најредовно одржува врски единствено со Руската православна црква. Со Грчката и Романската православна црква, не одржува никакви посебни врски, освен што Егзархот Стефан после својот избор за егзарх, ги известил гореневедените грчка и романска црква, бидејќи со овие промени беше симната анатемата на Бугарската црква од страна на Цариградската патријаршија. Со Грчката православна црква е невозможно да се одржуваат било какви црковни врски, поради непријателскиот однос на грчката влада кон Бугарија. Што се однесува до Српската православна црква, и со неа немаме некои посебни врски со оглед на тоа што таа се уште ги нема решено односите со државата. Известени сме дека митрополитот Јосип освен ова, не ја признава македонската нација и се спротиставува на секој обид за создавање на афтокефална македонска црква. Единствен контакт што сме го имале со Српската православна црква, е присуството на епископот Иринеј на прославата на 1000-годишнината од Иван Рилски.

Кога е во прашање воспоставувањето на пријателски односи меѓу православните цркви тие може да се постигнат подоцна, кога ќе се нормализира политичката состојба. Во овој момент единстено Руската и Бугарската православна црква се во нормална состојба. Идните односи меѓу православните цркви, по мое убедување, ќе бидат под раководство на Руската православна црква, затоа што таа го претставува најмоќниот и најмногуброен право-

славен народ - рускиот народ.

Патување на рускиот Патријарх во Цариград

Имаме известување дека турската влада многу тешко ќе издаде дозвола за патување на рускиот Патријарх во Цариград, затоа што Турција се плаши од секакво приближување на православните цркви меѓу себе. Целта на ова патување е токму уредувањето на односите меѓу православните цркви.

Ставот на Бугарската црква кон католичката црква

Бугарската црква нема никакви врски со католичката црква, затоа што таа неа ја смета за непријателска. Нашата црква е народна, додека католичката е универзална и тежнее кон господство, па затоа не може да стане ниту збор за воспоставување на било какви врски со католичката црква. Поради тоа, и судбината на хрватскиот бискуоп Степинец, воопшто не не интересира.

Заседание на Светиот синод

На дневен ред на ова заседание се најдоа многу прашања за кои во моментов е заинтересиран Светиот синод. Најважното прашање кое се најде на дневен ред пред Бугарската црква се однесува на одвојувањето на црквата од државата. Со нова конституција тоа одвојување треба да се изврши. Светиот синод ќе се спротистави на одделувањето на црквата од државата. Меѓутоа, ние не веруваме во успехот на оваа наша интервенција која ќе ја преземеме, бидејќи кога е извршено такво одвојување во СССР и Југославија, тоа ќе се изврши и во Бугарија. Во тој случај, нашата црква е заинтересирана на која основа би се извршило тоа одделување, бидејќи нашата црква е сиромашна и нема да може сама себе да се издржува со сопствени средства. Треба да се земе предвид дека во Бугарија денес има околу 2.500 свештеници, чија егзистенција ќе дојде во прашање доколку дојде до целосно одделување на црквата од државата. Многумина, кај нас, грешат кога ја идентификуваат положбата на Бугарската црква со положбата на Руската православна црква до Револуцијата. Во Русија црквата беше во служба на царскиот апсолутизам, и со неговото паѓање таа ја доживеа неговата судбина. Меѓутоа, сега положбата на Руската православна црква целосно е утврдена. Нашата црква му служеше на народот, постоеше и тогаш кога не постоеше бугарската држава.

Ставот на Бугарската црква кон ОФ

Бугарската православна црква не се занимава со политика. Меѓутоа, бидејќи поголемиот дел од бугарскиот народ е во редовите на ОФ, тоа го прави и црквата служејќи му на народот, таа му помогна на ОФ во воспоставувањето на републиката. Затоа, Георги Димитров не беше во право кога ја нападна црквата, затоа што таа го спомнува царот во богослужба. Сè до прогласувањето на републиката во Бугарија сите укази се издавале во име на царот, регентите на ОФ управува со Бугарија, исто така, во име на царот, така што и црквата беше приморана да го спомнува царското име. Меѓутоа, штом беше донесен законот за референдум, Бугарската црква го забранила спомнување-

то на царското име, и на тој начин таа придонесе за воспоставување на републиката во Бугарија. Освен тоа, Светиот синод излезле во јавноста за републиката со специјално Коминике. Со ова, црквата заседе став во корист на републиката, затоа што најголемиот дел од бугарскиот народ, однапред се изјасни против монархијата. Во овие избори црквата како институција, заседе неутрален став бидејќи народот беше поделен меѓу партиите, а црквата неможе да биде поделена на партии. Мое мислење е дека ОФ на претстојните избори ќе победи. Сепак, има можност опозицијата да добие околу 100 мандати, што нема да промени ништо во однос на 365 мандати, колку што во тој случај ќе добие Отечствениот Фронт.

Населението од Пиринска Македонија кон НР Македонија

Населението на пиринскиот дел на Македонија со огромно возбудување ги прими гласините за неговото припојување кон НР Македонија од следниве причини:

1. Со децении тоа живеело во Бугарија, се врзувало за судбината на бугарската држава и целосно е однародено од НР Македонија;
2. Тоа културно, економски и политички, исто така, е упатено кон Бугарија; и
3. Тоа е сообраќајно (со железница и патишта), исто така, целосно поврзано со Бугарија.

Поради тоа, според мене неопходно е ова население психолошки да се подготви за припојување кон НР Македонија, а поради тоа постојано би требало да се работи на подигнување на угледот на НР Македонија, и што поскоро да се воспостават сообраќајни врски меѓу НР Македонија и пиринскиот крај.

На крајот митрополитот Борис ми изјави дека е апсолутно убеден во оформувањето на македонската нација. Исто така, тој е убеден дека македонскиот јазик ќе се развие во убав книжевен јазик без оглед на тоа што сега во Македонија се внесуваат во јазикот извесни новини, кои немаат никаква врска ниту основа со македонскиот јазик.

Овде јас го изнесов мојот разговор со митрополитот Борис без да се впуштам во било каква критика на неговите ставови по прашањата кои беа предмет на разговорот. Од овој разговор со него добив впечаток дека тој, што се однесува до неговиот личен став, говореше искрено.

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

(печат)

Советник на Претeништвото
П. Манговски.

Државен Архив на Република Македонија, Фонд Министерство за надворешни работи на ФНРЈ (1100), к. 3, 491-493.